# Соопштение за јавност

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (РКЕ) одржа редовен координативен состанок со енергетските компании ЕСМ, МЕПСО, ЕВН Хоме, Електродистрибуција, Операторот на пазарот на електрична енергија – МЕМО, ТЕЦ Неготино и со претставници на Владата и Министерство за економија.

Стабилноста на електроенергетскиот систем е императив и сите процеси кои се во тек и чекорите кои се преземаат од сите енергетски компании и институции согласно надлежностите се насочени кон сигурна и стабилна испорака на електрична енергија во државата посочи Марко Бислимоски претседателот на РКЕ.

„На состанокот се отворија прашањата за домашното производство на електрична енергија по први јануари и се презентираше статусот и темпото за ангажирање на сите енергетски капацитети кои се на располагање во државава. Што се однесува до предизвикот кој не очекува во однос на цената, компаниите сеуште немаат доставено барања до РКЕ за истата. Во периодот што следува компаниите ќе ги сумираат трошоците кои ги имаат во изминатиот период во кои клучна ќе биде цената по која ќе се набавуваат загубите за електрична енергија, а за кои МЕПСО и Електродистрибуција треба да распишат јавни повици и ќе ги достават до РКЕ. **Повторувам дека како РКЕ сите механизми што се во рамките на нашата надлежност ќе ги активираме со цел заштита и на интересот на потрошувачите и на ликвидноста на енергетските компании.“** изјави Марко Бислимоски, претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги.

24.11.2021

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019